Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА ПОДРАЧЈЕТО МАШИНСТВО НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на седница одржана на 27.10.2010 година донесе Одлука (бр. 2702-64/8) за формирање Рецензентска комисија за избор на *насловен доцент* за наставно-научното подрачје *машинство* на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во состав:

1. д-р Симеон Симеонов, доцент (претседател);
2. д-р Ангел Тасев, доцент (член);
3. д-р Зоран Панов, вонреден професор (член).

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 23.9.2010 година, за избор на наставник во насловно звање *доцент* за наставно-научното подрачје *машинство* на Машинскиот факултет се пријавил кандидатот Љубиша Николовски, доктор по технички науки од областа машинство.

По приложените материјали и преземаните активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Комисијата го предложува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 23.9.2010 година, за избор на наставник во насловно звање *доцент* (член 131) се пријавил кандидатот Љубиша Николовски, доктор по технички науки за наставно-научното подрачје *машинство*.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Љубиша Николовски** е роден на 9 март 1952 година во Скопје. Дипломира на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 27 јуни 1978 година, на Институтот за производно машинство и машини и алати. На 16 јуни 1989 година, магистрира на Машинскиот факултет во Скопје со одбрана на магистерскиот на труд со тема „*Развој на постапка за планирање и терминирање на капацитетите во услови на малосериско и поединечен тип на производство*“. Докторира на Машинскиот факултет во Скопје, на 20 април 2010 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов „*Флексибилен модел за планирање и управување на производството во малите и средни претпријатија од металопреработувачката индустрија*“.

Кандидатот работел во:

- ФАС „11 Октомври“ во Скопје, како главен проектант на Секторот за организација и автоматска обработка на податоци, 1978-1982 г.;
- МЗТ „ФАМ“ - АД во Скопје, раководител на Одделението за оперативно планирање, 1982-1984 г.;
- МЗТ „ФАМ“ - АД во Скопје, директор на Секторот за планирање и производство, 1984-1986 г.;
- МЗТ „ФАМ“ - АД во Скопје, директор на производство, 1986-1990 г.;
- МЗТ „Делови за машини“ ДООЕЛ – Скопје, директор, 1990-1991г.;
- Републички фонд за развој, помошник-генерален директор, 1991-1993 г.;
- Агенција за приватизација на РМ, помошен-генерален директор,1993-1998 г.;
- Национална агенција за развој на мали и средни претпријатија - НЕПА, како кординатор на ФАРЕ проект (1997-1998 г.). Заменик-директор на НЕПА (1998-2001 г.), Агенција за поддршка на претприемништвото, раководител за промоција на мали и средни претпријатија (2001-2004 г.);
- Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, од 2004 г. до денес.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**Објавени трудови**:

1. „Како да поттикнуваме употребливи претприемачки иновации“, Европски ден на претприемачот 2010, Скопје 11.5.2010 г.
2. Предавање на тема „Планирање и управување на производството“, Машински факултет, Скопје, 12.4. 2010 г.
3. Љ. Николовски, М. Тасева: „Можности за вклучување на членовите на кластерите во Enterprise Europe Network“, Еропски информативен и иновативен центар во Македонија - ЕИИЦМ, Скопје, 2.2.2010 г.
4. „Трансфер на технологии, знаења и иновации“, ЕИИЦМ, Скопје,18.12.2009 г.
5. „Разбирање на иновациите и поддршка на малите бизниси за нивна имлементација“, Small Business Conference - Sustainable Enterpreneurship Network, Skopje, 27.11.2008 г.
6. „ЕИИЦМ во функција на поддршка на иновативното претприемништво“, Скопје, 16.11.2009 г. ( настан Недела на глобалното претприемништво).
7. Љ. Николовски, М. Стојчев: „Советување кај мали претпријатија“, Обука во рамките на проектот “Technical assistance to SNE development”, поддржан од Европската агенција за реконструкција (EAR), Скопје, 12-13.10.2008 г.
8. „Човеки ресурси на малите претпријатија во секторот туризам“, Меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век“ - Скоје, 26-27.9.2008 г.
9. „Претприемништво и иновации“, Охрид, 29-30.6.2008 г. (настан Обука на наставници по предметот Приемништво во средните училишта).
10. Љ. Николовски, М. Стојчев: „Иновативен ваучер - проширување на програмата за субвенционирано ваучерско советување“, Скопје, 9.5.2008 г. (настан Научен собир во организација на Економскиот институт во Скопје).
11. Љ. Николовски, М. Стојчев: “National promotion od entrepreneurship and innovation od SMRE of the RM“. Прва меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој – ICEIRD - 2008, Скопје и Охрид, 8-11.5.2008 г.
12. „Претприемачко учење преку претприемачко советување“, Европски ден на претприемачите - Претприемачот двигател на развојот, Скопје, 9.5.2008 г.
13. „Поддршка на претприемништвото и иновативноста - основен развој на МСП во РМ“, Скопје, 30.1.2008 г. (настан ЕУРЕКА ИНФОРМАТИВЕН ДЕН во организација на Министерството за образование и наука).
14. „Малите претпријатија и иновациите“, Економски институт, научен собир-претприемништво, иновации и конструктивност, Скопје, 25.1.2008 г.
15. „Претприемништво и иновации – искуство, пракса предизвик“, Машински факултет, Скопје, 11.1.2008 г.
16. Љ. Николовски, М. Стојчев, Н. Таневски: „Ваучерската програма за поттикнување на претприемништвото“, Научен собир „Претприемништво-проблеми, дилеми и перспективи“, Тетово, 24.11.2006 г.
17. „Поддршка на претприемачот во остварување на квалитетна туристичка услуга“, Факултет за турузам, тема „Претприемништво и туризам“, Скопје, 17.5.2007 г.
18. Љ. Николовски, М. Сарач: „АППРМ во развој на претприемништвото на малото стопанство во РМ“, научен собир „Претприемништво - проблеми, дилеми и перспективи“, Тетово, 24.11.2006 г.
19. „Дијагноза на состојбите во претпријатието преку разработка на животниот циклус на претпријатието“, семинар „Дијагностицирање на бизниси“, Крушево, 6.2006 г., во организација на ЕАР.
20. „Подготовки и водење на деловни состаноци“, семинар „Методи и лични вештини на бизнис советниците“, во организација на ЕАР Маврови анови, 6.2006 г.
21. „Стабилна макроекономска средина - значен фактор во развојот на претприемништвото и малите бизниси во РМ“, научен собир на тема „Макроекономска стабилност и економски развој“, Скопје, 5.4.2004 г.
22. „Концепт на ендоген развој на регионалните / локалните потенцијали“, Научен собир Регионален развој на РМ, 2.10.2003 г.

23. „Развивање на соработката помеѓу големите и малите претпријатија“, научен собир, Скопје, 16.6 2003 г.
24. „Нема лоши иницијативи, има само лоши последици“, Научен собир „Конкурентноста на економијата во РМ“, Скопје,11.4.2003 г.
25. „НЕПА во процесите на креирање и имплементација во поддршката во развојот на МСП во РМ“, Петти експертски форум на земјите од Централна и Југоисточна Европа, Охрид, 2000 г.
26. „Одређивање времена задржавања позиција на радним местима помоћу редова чекања“, 19 Југословенски симпозијум, Цавтат,1990 г.
27. „Управување со проектот на материјалот низ производниот процес преку времето на задржување на работното место“, советување „Ревитализација и нови технологии во стопанството на СРМ“, МАНУ, Скопје, 11.1989 г.
28. Д. Јовановски, В. Шубевска, З. Алексов, Љ Николовски: „Степен на искористување на НЦ капацитетите“, 22. Југословенско советување за производно машинство, Охрид, 5.1989 г.
29. „Влијанието на оперативното планирање на производството врз големината на залихите во недовршеното производство“, Советување со управување на залихи, Леуново, 1988 г.
30. „Извори података и информација за планирање и терминирање капацитета у условима појединачне и малосериске производње“, 17. Југословенски симпозијум, Цавтат, 1988 г.
31. „Анализа на работата на одделенија за оперативна подготовка во МЗТ“, Курс за функционално оспособување на раководството во СОЗТ Металски завод Тито, Скопје, 4.1986 г.
32. „Конечна подела рада, значајни чинилац во обезбеђивање повртних информација из процеса производње“, Зборних трудова, УПОС , Загреб, 1983 г.
33. В. Донев, б. Андреев, Љ. Николовски: „Прилог за оцену адекватност образовних процеса машинских инжењера у функции потребе ОУР материјалне производње“, Организације рада, 31/1981/4.

***Проекти***

1. Организација и моделирање на настан 2:, Иновациите и претприемачкиот бизнис, во рамките на Европскиот ден на претприемачот 2010, 11.5.2010, Скопје.
2. Учество во креација на програмски активности, Подобрување на продуктивноста, 2008-2011, поддржана од ЈICA.
3. Учество во проект, Подготовка на Упаствово за спроведување на програмата за ваучерско советување на мало стопанство во РМ, носител Агенција за поддршка на претприемништвото во РМ, Скопје, 9.2005 г.
4. Програма за ваучерско советување на малото стопанство во РМ (Агенција за поддршка на претприемништвото), Скопје, 6.2005 г.
5. Учество во проект, Развој на ваучерскиот систем за советодавни услугу на МСП, носител Европска агенција за реконструкција, 6.2005 г.
6. Учество во македонско-јапонски проект: Креирање на флексибилен модел за планирање и управување во производството во малите и средни претпријатија од металопреработувачката индустрија на РМ, носител Машински факултет во Скопје, 2004-2005 г.
7. Учество во проект: Развој на претприемништвото и МСП во ЈИ Европа, реализирано од АППРМ и Словенечка агенција за МСП, Љубљана, 2002 г.
8. Учество во проект: Систем за воспоставување на квалитет во малите и средни претпријатија, носител Национална агенција за развој на МСП и ФАРЕ програма, 11-1999 до 4.2000 г.
9. Учество во проект: Проектирање и имлементација на компјутерски поддржан информативен систем во сферата на производството на МЗТ-ФАМ Скопје, 5.1993 г.
10. Учество во проект: Проектирање на експертен систем за определено планирање на материјалниот проток во производните претпријатија во РМ, Машински факултет - Скопје.

11. Т.Кралев, В.Донев, Љ. Николовски: Оперативна подготовка и управување на производството во металопреработувачките организации на здружен труд во СРМ. Проекторт е реализиран со Гранската СИЗ за научна дејност, Скопје 6.1984 г.
12. Учество во проект: Имплементација на ИМАХ-систем за оперативно планирање, подготовка и управување со производството во МЗТ-ФАМ Скопје, носител Институт за алатни машини –ИАМА Београд, 2.1982 г.
13. Учество во проект: Материјално и магацинско работење во услови на електронска обработка на податоците во РО ФАС „11 Октомври“ - Скопје, Машински факултет, Скопје, 5.1980 г.
14. Учество во проект: Анализа во работењето со материјалите во РО ФАС „11 Октомври“ - Скопје, Машински факултет, Скопје, 9.1978 г.

**Завршени обуки**: Кандидатот има завршено 27 обуки.

**Познавање на странски јазик**: англиски јазик (одлично), германски јазик (читање 5, зборување 3, пишување 4).

**Клучни квалификации**: вештини за вршење обука (тренер на семинари за претприемачи и бизнис советници во сферата на бизнис планирање, маркетинг и менаџмент), деловно советување (советување на клиентите во подготовка и развој на бизнис план за кредитирање пред банките од микро кредитната линија од ЕУ-ФАРЕ.), извозни услуги (информации за извозен пазар).

**Компјутерски вештини**: Microsoft Office (Word, EXCEL, Power Point, Access, Outlook), Internet Explorer, Outlook express.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на работењето во индустријата, целокупната научна активност која е поврзана како со областа на планирањето и управувањето на производството во малите и средни претпријатија од индустријата, така и на планот на учеството на симпозиуми и конференции, совесното и одговорното исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење, може да се заклучи дека се работи за сериозен наставно-научен работник.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатот **д-р Љубиша Николовски** ги исполнува критериумите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност во научноистражувачка (НИ), стручно-апликативна (СУ) и стручно- апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека тој го задоволува потребниот квантум (75 поени) за да биде избран во наставничко звање (77 поени).

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно- научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот **д-р Љубиша Николовски** да биде избран во звање **насловен доцент за наставно-научното подрачје *машинство.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Симеон Симеонов, доцент, с.р.**
**Д-р Ангел Тасевски, доцент, с.р.**
**Д-р Зоран Панов, вонреден профосор, с.р.**

**П Р И Л О Г**

Табела за вреднување на активностите на д-р Љубиша Николовски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

| Реден број | ДЕЈНОСТ | поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| | **Наставно-образовна дејност** | 0 | 0 |
| | вкупно | | |
| | **Научноистражувачка дејност** | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (T1x1; T1x1;T2x1;T3x1;T4x1;T5x1;T6x 1;T7x1;T8x1;T9x1;T10x1;T11x1;T12x1,T13x1 ;T14x1; T15x1;T16x1;T17x1;T18x1;T19x1;T20x1; T21x1;T22x1;T23x1;T24x1;T25x1;T27x1; T28x1;T29x1;T31x1 T26 x 2;T30x2;T32x2; 32x3 | 29 | |
| 2 | Одбрана на докторска теза | 8 | 8 |
| 3 | Одбрана на магистерски труд | 4 | |
| | **вкупно** | 41 | 8 |
| | **вкупно** | 49 | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | |
| 1 | Елаборати и експертизи (14x2) | 28 | 0 |
| | **вкупно** | 28 | |
| | **вкупно** | 77 | |